**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**FONDI I SIGURIMIT PENSIONAL DHE INVALIDOR I MAQEDONISË SË VERIUT**

Улица „23 Октомври“ бр. 11, 1000 Скопје Тел: (02) 3250 100; Емаил: info@piom.com.mk
Rruga “23 Oktomvri” nr. 11, 1000 Shkup Tel: (02) 3250 100; Email: info@piom.com.mk

02-4130/1
13 09 2022

Согласно Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15,129/15, 6/16, 106/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), и Правилникот за начинот и условите за продажба и давање под закуп на деловен простор во сопственост или трајно користење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.197/14, 176/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.194/22).

## Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија

**О Б Ј А В У В А**

## О Б Ј А В А бр. 03/2022

### ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП ПО ПАТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**ПРЕДМЕТ НА ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Предмет на електронското јавно наддавање е **ИЗДАВАЊЕ НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ПОД ЗАКУП,** во сопственост или даден на трајно користење на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија согласно табеларниот преглед во кој се дадени податоци за деловниот простор: број на катастарска парцела, површина на деловниот простор, адреса, вкупна почетна цена, банкарска гаранција, рок на поднесување и време на јавно наддавање.

**Деловниот простор од табеларниот преглед се издава за период од 5 години и истиот се солемнизира на Нотар на трошок на најповолниот понудувач.**

**Деловниот простор наведен во табеларниот преглед не може да се користи за дејност која би претставувала пречка односно би сметала на претстојот односно живеењето на станарите (пензионери) во пензионерските домови. Од овие причини понудувачот треба да ја наведе дејноста која би ја обавувале во деловниот простор.**

| Р. бр. аукц ија | Број на Катастарска парцела, Катастараска општина и Имотен лист | Град , Општина, адреса | Опис на деловниот простор | Површина м2 | Почетна цена на месечната закупнина (проценета пазарна вредност) без ДДВ | Вкупна проценета вредност на деловниот простор во денари | Банкарска гаранција за сериозност на понудата во денари, 2% од вкупната проценета вредност | Време на започнување на јавното наддавање |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 10 |
| **1** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** приземје деловниотпростор се уште не ево владение на ФПИОС се води постапка кај извршител | **93** | **21.448** | **4.289.625** | **85.793** | **29.09.2022 год. 10,00 часот** |
| **2** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** Приземје Моментален корисник Дел компани | **75** | **17.297** | **3.459.375** | **69.188** | **29.09.2022 год. 10,05 часот** |
| **3** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** Приземје | **18** | **4.151** | **830.250** | **16.605** | **29.09.2022 год. 10,10 часот** |
| **4** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** Приземје Моментален корисник Јакабо | **43** | **9.917** | **1.983.375** | **39.668** | **29.09.2022 год. 10,15 часот** |
| **5** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** Приземје | **16** | **3.690** | **738.000** | **14.760** | **29.09.2022 год. 10,20 часот** |
| **6** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** Приземје Моментален корисник Градинка Црвенкапа | **193** | **44.511** | **8.902.125** | **178.043** | **29.09.2022 год. 10,25 часот** |
| **7** | **КП 778, КО Кисела вода-2, ИЛ 2829** | **Скопје – Аеродром, ул.Ангел Димовски бр. 4** | **Пензионерски дом – Аеродром** Приземје Моментален корисник Бисера | **620** | **108.149** | **21.629.734** | **432.595** | **29.09.2022 год. 10,30 часот** |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | КП 778,<br>КО Кисела вода-2,<br>ИЛ 2829 | Скопје –<br>Аеродром,<br>ул.Ангел<br>Димовски бр. 4 | **Пензионерски дом – Аеродром**<br>Приземје<br>Моментален корисник<br>КАМ | 308 | 71.033 | 14.206.500 | 284.130 | 29.09.2022 год.<br>10,35 часот |
| 9 | КП 778,<br>КО Кисела вода-2,<br>ИЛ 2829 | Скопје –<br>Аеродром,<br>ул.Ангел<br>Димовски бр. 4 | **Пензионерски дом – Аеродром**<br>Приземје | 53 | 9.779 | 1.955.700 | 39.114 | 29.09.2022 год.<br>10,40 часот |
| 10 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Приземје<br>Моментален корисник<br>Пикадили | 28 | 9.391 | 1.878.148 | 37.563 | 29.09.2022 год.<br>10,45 часот |
| 11 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Приземје<br>Моментален корисник<br>Пикадили | 25 | 8.324 | 1.664.866 | 33.297 | 29.09.2022 год.<br>10,50 часот |
| 12 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Приземје<br>Моментален корисник<br>Пикадили | 35 | 10.990 | 2.198.071 | 43.961 | 29.09.2022 год.<br>10,55 часот |
| 13 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>1 спрат<br>Моментален корисник<br>Пикадили | 35 | 10.934 | 2.186.875 | 43.738 | 29.09.2022 год.<br>11,00 часот |
| 14 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Приземје – северна страна<br>Моментален корисник<br>Книгов. Интелект | 20 | 6.728 | 1.345.558 | 26.911 | 29.09.2022 год.<br>11,05 часот |
| 15 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Приземје<br>Моментален корисник<br>Атошкола АС-КОКО | 14 | 4.990 | 998.083 | 19.962 | 29.09.2022 год.<br>11,10 часот |
| 16 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Приземје-јужна страна<br>Моментален корисник<br>Атошкола АС-КОКО | 20 | 6.181 | 1.236.273 | 24.725 | 29.09.2022 год.<br>11,15 часот |
| 17 | КП 1042/2,<br>КО Гази Баба,<br>ИЛ 9232 | Скопје –<br>Автокоманда,<br>ул.Јани<br>Лукровски бр. 3 | **Пензионерски дом – Автокоманда**<br>Подрум<br>Моментален корисник<br>Теретана -Давид | 245 | 65.765 | 13.152.943 | 263.059 | 29.09.2022 год.<br>11,20 часот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | КП 1042/2, КО Гази Баба, ИЛ 9232 | Скопје – Автокоманда, ул.Јани Лукровски бр. 3 | Пензионерски дом – Автокоманда Приземје-источна страна Моментален корисник Адвокат Иво | 20 | 7.436 | 1.487.254 | 29.745 | 29.09.2022 год. 11,25 часот |
| 19 | КП 1042/2, КО Гази Баба, ИЛ 9232 | Скопје – Автокоманда, ул.Јани Лукровски бр. 3 | Пензионерски дом – Автокоманда Приземје Моментален корисник КАМ | 398 | 124.387 | 24.877.365 | 497.547 | 29.09.2022 год. 11,30 часот |
| 20 | КП 1042/2, КО Гази Баба, ИЛ 9232 | Скопје – Автокоманда, ул.Јани Лукровски бр. 3 | Пензионерски дом – Автокоманда Приземје Моментален корисник Поликлиника | 102 | 31.306 | 6.261.130 | 125.223 | 29.09.2022 год. 11,35 часот |
| 21 | КП 1042/2, КО Гази Баба, ИЛ 9232 | Скопје – Автокоманда, ул.Јани Лукровски бр. 3 | Пензионерски дом – Автокоманда Подрум Моментален корисник Поликлиника | 261 | 15.874 | 3.174.814 | 63.496 | 29.09.2022 год. 11,40 часот |
| 22 | КП 1042/2, КО Гази Баба, ИЛ 9232 | Скопје – Автокоманда, ул.Јани Лукровски бр. 3 | Пензионерски дом – Автокоманда приземје | 15 | 4.900 | 980.064 | 19.601 | 29.09.2022 год. 11,45 часот |
| 23 | КП 6418/1, КО Ѓорче Петров 6, ИЛ 96051 | Скопје – Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр. 12 а | Пензионерски дом – Ѓорче Петров 1 спрат | 33 | 6.275 | 1.255.092 | 25.102 | 29.09.2022 год. 11,50часот |
| 24 | КП 6418/1, КО Ѓорче Петров 6, ИЛ 96051 | Скопје – Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр. 12 а | Пензионерски дом – Ѓорче Петров 497 м2 приземје и 185 м2 подрум Моментален корисник КАМ | 682 | 207.388 | 41.477.629 | 829. 553 | 29.09.2022 год. 11,55 часот |
| 25 | КП 6418/1, КО Ѓорче Петров 6, ИЛ 96051 | Скопје – Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр. 12 а | Пензионерски дом – Ѓорче Петров 1 спрат Моментален корисник Адвокат Владичевски | 9 | 1.846 | 369.184 | 7.384 | 29.09.2022 год. 12,00 часот |
| 26 | КП 6418/1, КО Ѓорче Петров 6, ИЛ 96051 | Скопје – Ѓорче Петров, ул.Ѓорче Петров бр. 12 а | Пензионерски дом – Ѓорче Петров 2 спрат | 9 | 1.846 | 369.184 | 7.384 | 27.09.2022 год. 12,05 часот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | КП 6418/1,<br>КО Ѓорче Петров 6,<br>ИЛ 96051 | Скопје –<br>Ѓорче Петров,<br>ул.Ѓорче Петров<br>бр. 12 а | Пензионерски дом –<br>Ѓорче Петров<br>3 спрат | 9 | 1.846 | 369.184 | 7.384 | 29.09.2022 год.<br>12,10 часот |
| 28 | КП 6418/1,<br>КО Ѓорче Петров 6,<br>ИЛ 96051 | Скопје –<br>Ѓорче Петров,<br>ул.Ѓорче Петров<br>бр. 12 а | Пензионерски дом –<br>Ѓорче Петров<br>4 спрат | 9 | 1.737 | 347.352 | 6.947 | 29.09.2022 год.<br>12,15 часот |
| 29 | КП 6418/1,<br>КО Ѓорче Петров 6,<br>ИЛ 96051 | Скопје –<br>Ѓорче Петров,<br>ул.Ѓорче Петров<br>бр. 12 а | Пензионерски дом –<br>Ѓорче Петров<br>1 спрат<br>Моментален корисник<br>Книговодство | 13 | 2.570 | 514.078 | 10.282 | 29.09.2022 год.<br>12,20 часот |
| 30 | КП 6418/1,<br>КО Ѓорче Петров 6,<br>ИЛ 96051 | Скопје –<br>Ѓорче Петров,<br>ул.Ѓорче Петров<br>бр. 12 а | Пензионерски дом –<br>Ѓорче Петров<br>2 спрат | 13 | 2.570 | 514.078 | 10.282 | 29.09.2022 год.<br>12,25 часот |
| 31 | КП 6418/1,<br>КО Ѓорче Петров 6,<br>ИЛ 96051 | Скопје –<br>Ѓорче Петров,<br>ул.Ѓорче Петров<br>бр. 12 а | Пензионерски дом –<br>Ѓорче Петров<br>3 спрат | 13 | 2.413 | 482.590 | 9.652 | 29.09.2022 год.<br>12,30 часот |
| 32 | КП 4530,<br>КО Чаир,<br>ИЛ 958705 | Скопје –Чаир,<br>ул.Џон Кенеди<br>бр. 18 | Пензионерски дом –<br>Чаир<br>Приземје<br>Моментален корисник<br>Амбуланта Д-р Ана | 28 | 6.803 | 1.360.626 | 27.213 | 29.09.2022 год.<br>12,35 часот |
| 33 | КП 4530,<br>КО Чаир,<br>ИЛ 958705 | Скопје –Чаир,<br>ул.Џон Кенеди<br>бр. 18 | Пензионерски дом –<br>Чаир<br>Приземје 437м2 и<br>подрум 147м2<br>Моментален корисник<br>КАМ | 584 | 162.769 | 32.553.856 | 651.077 | 29.09.2022 год.<br>12,40 часот |
| 34 | КП 1732,<br>КО Бутел,<br>ИЛ 12193 | Скопје – Шуто<br>Оризари,<br>ул.Шуто Оризари<br>б.б | Клуб на пензионери-<br>Шуто Оризари<br>подрум<br>Моментален корисник<br>Суарез | 164 | 17.219 | 3.443.815 | 68.876 | 29.09.2022 год.<br>12,45 часот |
| 35 | КП 1732,<br>КО Бутел,<br>ИЛ 12193 | Скопје – Шуто<br>Оризари,<br>ул.Шуто Оризари<br>б.б | Клуб на пензионери-<br>Шуто Оризари<br>приземје<br>Моментален корисник<br>Микаком | 21 | 4.267 | 853.497 | 17.070 | 29.09.2022 год.<br>12,50 часот |
| 36 | КП 1732,<br>КО Бутел,<br>ИЛ 12193 | Скопје – Шуто<br>Оризари,<br>ул.Шуто Оризари<br>б.б | Клуб на пензионери-<br>Шуто Оризари<br>приземје<br>Моментален корисник<br>Сафет Мустафа | 30 | 5.947 | 1.189.348 | 23.787 | 29.09.2022 год.<br>12,55 часот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 37 | КП 1732,<br>КО Бутел,<br>ИЛ 12193 | Скопје – Шуто Оризари,<br>ул.Шуто Оризари б.б | Клуб на пензионери-Шуто Оризари<br>приземје<br>Моментален корисник Мелита | 92 | 17.515 | 3.503.040 | 70.061 | 29.09.2022 год.<br>13,00 часот |
| 38 | КП 1732,<br>КО Бутел,<br>ИЛ 12193 | Скопје – Шуто Оризари,<br>ул.Шуто Оризари б.б | Клуб на пензионери-Шуто Оризари<br>сутерен<br>Моментален корисник Мехмед | 138 | 12.962 | 2.592.348 | 51.847 | 29.09.2022 год.<br>13,05 часот |
| 39 | КП 8611,<br>КО Драчево 1,<br>ИЛ 68390<br>ИЛ 69038 | Скопје – Драчево,<br>ул.Ратко Митровиќ бр.8 | Клуб на пензионери-Драчево<br>приземје и подрум<br>БОКЛЕС | 994 | 229.506 | 45.901.263 | 918.025 | 29.09.2022 год.<br>13,10 часот |
| 40 | КП 5130,<br>КО Гостивар-2,<br>ИЛ 34272 | Гостивар,<br>Гостивар, ул.Мајор Чеде Филиповски бр. 17 б | Пензионерски дом – Гостивар (стар пен. дом)<br>приземје<br>Моментален корисник КНК Компани | 38 | 9.809 | 1.961.727 | 39.235 | 29.09.2022 год.<br>13,15 часот |
| 41 | КП 5130,<br>КО Гостивар-2,<br>ИЛ 34272 | Гостивар,<br>Гостивар, ул.Мајор Чеде Филиповски бр. 17 б | Пензионерски дом – Гостивар (стар пен. дом)<br>подрум<br>Моментален корисник КНК Компани | 35 | 4.949 | 989.842 | 19.797 | 29.09.2022 год.<br>13,20 часот |
| 42 | КП 5130,<br>КО Гостивар-2,<br>ИЛ 34272 | Гостивар,<br>Гостивар, ул.Мајор Чеде Филиповски бр. 17 б | Пензионерски дом – Гостивар (стар пен. дом)<br>приземје<br>Моментален корисник Рухи Османи | 25 | 6.721 | 1.344.267 | 26.885 | 29.09.2022 год.<br>13,25 часот |
| 43 | КП 5130,<br>КО Гостивар-2,<br>ИЛ 34272 | Гостивар,<br>Гостивар, ул.Мајор Чеде Филиповски бр. 17 б | Пензионерски дом – Гостивар (стар пен. дом)<br>приземје<br>Моментален корисник Надиде Касами | 41 | 11.822 | 2.364.367 | 47.287 | 29.09.2022 год.<br>13,30 часот |
| 44 | КП 3348/1,<br>КО Гостивар-1,<br>ИЛ 98154 | Гостивар,<br>Гостивар, ул.18 Ноември бр. 28 а | Пензионерски дом – Гостивар (нов пенз. дом Цвет)<br>Приземје и подрум<br>Моментален корисник Хотел РОМА | 680 | 85.652 | 17.130.333 | 342.607 | 29.09.2022 год.<br>13,35 часот |
| 45 | КП 14299,<br>КО Куманово,<br>ИЛ 3793,<br>ИЛ 81400 | Куманово,<br>ул.Доне Божинов бр.45, | Пензионерски дом – Куманово<br>Приземје<br>Моментален корисник Самет пром | 594 | 104.181 | 20.836.200 | 416.724 | 29.09.2022 год.<br>13,40 часот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 46 | КП 25009, КО Куманово, ИЛ 21730 | Куманово, ул.Тонко Економов, нас. Гоце Делчев | Клуб на пензионери во Куманово приземје Моментален корисник Ефто експорт | 141 | 17.837 | 3.567.307 | 71.346 | 29.09.2022 год. 13,45 часот |

**ПРАВО НА УЧЕСТВО**

**Право на учество на јавното наддавање имаат:**

1.**Физички лица**: државјани на Република Северна Македонија, државјани на држави членки на Европската унија и на ОЕЦД, како и државјани на држави кои не се членки на Европската унија и на ОЕЦД а под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на деловен простор на територијата на Република Северна Македонија.

2.**Правни лица**: домашно правно лице, правно лице во мешовита сопственост, правно лице основано од странско физичко и правно лице, регистрирани во Централен регистер на Република Северна Македонија, странски правни лица резиденти на држави членки на европската унија и на ОЕЦД, како и странски правни лица резиденти на држави кои не се членки на европската унија и на ОЕЦД а кои под услови на реципроцитет можат да стекнат право на сопственост на деловен простор на територијата на Република Северна Македонија.

**УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА ЕЛЕКТРОНСКОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**

Заинтересираните физички и правни лица поднесуваат писмена пријава за учество на јавното наддавање по електронски пат,за секој деловен простор поединечно, во која е наведено за која парцела односно деловен простор од табеларниот преглед се однесува пријавата, комплетирана со следните, докази:

1. Пријава од подносителот, во која се наведени податоци за подносителот на пријавата (име и презиме, односно : назив, адреса, контакт телефон),
2. Банкарска гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање во износ од (2% од проценета вредност ) со рок на важност од 60 дена од денот на јавното наддавање исклучиво во оригинал. (да се наведе реден број од табеларниот преглед и адреса каде се наоѓа деловниот објект),
3. За физичките лица уверение за државјанство, во оригинал или копија заверена на нотар, не постаро од 6 месеци,
4. За правни лица – доказ за регистрација на правно лице во соодветниот регистар, во оригинал или копија заверена на нотар, не постара од 6 месеци,
5. Потврда дека не е отворена постапка за стечај или ликвидација,
6. Уверение дека со правосилна пресуда не му е изречена мерка за безбедност: забрана на вршење дејност,
7. Изјава заверена на НОТАР дека по било кој основ нема неплатени доспеани обврски спрема Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македониаја.
8. Заинтересираните учесници се регистрирараат на порталот **www.deloven-prostor.mk со внесување на e-mail** адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапката на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, по што треба да ја активира корисничката сметка (Види упатство за корисници на www.deloven–prostor.mk)

**Документите под реден број 1, 3, 4, 5, 6 и 7 треба да бидат скенирани во ПДФ документ и се прикачуваат при пријавувањето и тоа во делот „Изјава“**

**Банкарската гаранција (документот под реден број 2) се скенира во ПДФ формат и се прикачува при пријавувањето и тоа во делот „Банкарска гаранција“.**

**Покрај прикачувањето на овие документи по електронски пат, задолжително овие документи: банкарска гаранција-во оригинал и документите под реден број 1, 3, 4, 5, 6 и 7 (во оригинал или копија заверена на нотар) да бидат доставени и до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македониаја, на ул. 23 Октомври бр. 11 во Скопје, најдоцна до последниот ден за поднесување на пријавата.**

**Пријавите кои не се комплетирани со овие докази нема да учествуваат на електронското јавно наддавање за што подносителите на некомплетни пријави ќе бидат електронски известени.**

**<u>РОКОВИ</u>**

Пријавите за учество на јавното наддавање може да се поднесат **<u>заклучно до 26.09.2022 година, до 15,00 часот,</u> по електронски пат на интернет страната: <u>www.deloven –prostor.mk</u>**

Јавното наддавање ќе се одржи електронски на следната интернет страна: **<u>www.deloven –prostor.mk</u>**

**Јавното наддавање ќе започне во терминот наведен во табеларниот преглед, за секој деловен простор поединечно.**

**<u>ПОСТАПКА</u>**

1. По приемот на пријавата, Комисијата ја утврдува комплетноста на документацијата согласно условите во објавата, по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат.
2. На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата по електронски пат го одобрува учеството на јавното наддавање по што се известуваат по електронски пат преку e-mail, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација, комисијата не го одобрува учеството на јавното наддавање за што ги известува по електронски пат за причините за одбивање.
3. Подносителите на пријавите кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање,
4. Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваат условите дадени во објавата.
5. Јавното наддавање ќе се одржи и доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата.
6. Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на деловниот простор и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците. Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на деловниот простор. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда
7. Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда. Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока, вкупната почетна цена на деловниот простор се намалува за 2% по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно зголемуваат цената на деловниот простор.
8. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда.
9. Доколку во времетраење од петте минути повторно нема понуда, вредноста на деловниот простор повторно се намалува за 2 % од вкупната почетна цена на деловниот простор. Намалувањето на вкупната почетна цена на деловниот простор во текот на наддавањето може да изнесува најмногу до 30% од утврдената пазарна вредност на деловниот простор, без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање,
10. Комисијата по завршување на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање,
11. Доколку станува збор за објава по втор пат, проценетата вредност на деловниот простор може да биде намалена до 30% доколку на јавното наддавање се пријави само еден заинтересиеан учесник, односно до 50% доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници,
12. Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата, која одлучува по приговорот со Решение во рок од 5 дена од приемот на приговорот,
13. За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна највисока вкупна цена, која претставува највисока цена за закуп на деловниот простор,

14. Најповолниот понудувач е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор да ги уплати средствата како депозит или да обезбеди банкарска гаранција за обезбедување на обврските во висина од 2 (две) месечни закупнини согласно постигнатата крајна цена од наддавањето и до Комисијата да достави доказ, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција ќе биде активирана и на понудувачот ќе му се изрече забрана за учество во постапките за јавно наддавање за отуѓување или давање под закуп на деловни простории во период од една година од денот на изрекувањето на забраната,
15. Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на на потпишување на Договорот за закуп,
16. Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија во рок од 5 дена по извршената уплата на депозитот ќе склучи договор за закуп на деловниот простор со најповолниот понудувач,
17. Договорот за закуп на деловниот простор се склучува за период од 5 години и истиот се солемнизира на Нотар на трошок на најповолниот понудувач.
18.

Оваа објава ќе биде објавена и на WEB страната на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, **www.piom .com.mk** и на интернет страната : **www.deloven –prostor.mk**

Заинтересираните деловниот простор може да го видат секој работен ден од 10,00 до 14,00 часот.
Подетални информации можат да се добијат во седиштето на Фондот на ПИОСМ - Скопје, ул. „23 Октомври“ бр. 11.

Лица за контакт:
Љубен Вељаноски тел. 071/392-576

**Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија**
**Комисија за спроведување на постапка за јавно наддавање**
**Претседател**
**Љубен Вељаноски**